РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-301/4
14-11-2025

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 25 - та седница одржана на 12.11.2025 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 09-301/1 од 21.01.2025 година, оформен по пријава за утврдување на состојба на судир на интереси против службеното лице ---------, директор на ------------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК не утврди повреда на одредбите за спречување судир на интереси од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што нема елементи за понатамошно постапување.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-301/1 од 21.01.2025 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител во која се изнесуваат наводи за судир на интереси кај службеното лице ----------, директор на ------------ односно според пријавителот, службеното лице во својство на директор на институцијата доделил тендер за обезбедување на објекти на фирма во која негово блиско лице станува раководител на подружница на истата фирма во текот на постапката за јавна набавка. Во пријавата нема наведено податоци за кое блиско лице станува збор.

Заради утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, Државната комисија изврши проверки во Електронскиот систем за јавни набавки при што констатира дека ------------, претставувана од директорот -----------, склучила договор со Друштво за обезбедување на имот и лица --------- со бр. 18-23/6 од 14.01.2025 година. Предмет на договорот е јавна набавка на услуги – физичко, техничко и патролно обезбедување на објектите на државната управа.

Пó проверка во Дистрибутивниот систем на Централен регистер во Историјатот за правното лице Друштво за обезбедување на имот и лица ----------- е констатирано дека на ден 17.10.2024 година е извршен упис на промена, односно отворена е Подружница на наведеното правно лице со назив Друштво за обезбедување на имот и лица ----------- – подружница – ----------- – Охрид. Како овластено лице на подружницата, односно раководител, именувано е лицето ---------- од с. ----------, -----------.

Државната комисија достави барање за доставување на податоци и информации до службеното лице --------- заради произнесување во врска со наводите од пријавата, потребата од доставување на изјава заверена на нотар, во однос на тоа дали лицето --------- од -------------, ---------- е негово блиско лице согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, каде е уредено дека „Под поимот „блиски лица“ се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес“.

На ден 10.02.2025 година наведеното службено лице со Изјава заведена кај нотар со бр. УЗП 673/2025 од 10.02.2025 година изјави дека лицето --------- од с. ---------, ---------- не е негово блиско лице согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно член 4 од Законот за нотаријат, нотарските исправи се јавни исправи односно нотарските исправи имаат доказна сила на јавни исправи.
Исто така, со член 122 став 11 од Кривичниот законик е уредено дека „....Јавна исправа е исправа издадена од надлежен орган, организација или лице кое врши работи од јавен интерес врз основа на закон или друг пропис заснован врз закон......“.

Соглано наведените законски одредби, доставениот документ од страна на лице ----------, кој е заверен од нотар претставува јавна исправа, затоа што нотарот врши јавни овластувања и го потврдува фактот дека изјавата е дадена пред него.

Оттука, лице кое дава изјава пред нотар, доколку свесно даде невистинити податоци, може да сноси кривична одговорност, согласно член 361 од Кривичниот законик.

Понатаму, директорот на -----------, -----------, на ден 29.11.2024 година, потпишал и Изјава за непостоење на судир на интереси, во која под целосна морална, материјална и кривична одговорност изјавил дека не е во состојба на судир на интереси и нема

приватен интерес при реализација на гореспоменатата јавна набавка, односно нема било каква друга материјална и нематеријална корист за него или за негови блиски лица, како резултат на неговото учество во постапката. Изјавата е дадена согласно член 38 од Законот за јавни набавки.

При вака утврдена фактичка состојба, а имајќи го предвид член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, каде е уредено дека „Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности", Државната комисија не констатира повреда на член 73 и член 75 од наведениот закон, каде е уредена постапката за пријавување на состојба на судир на интереси при потпишување на Договорот за јавна набавка на услуги – физичко, техничко и патролно обезбедување на објектите на државната управа, од страна на директорот на -------------, ----------------.

Врз основа на наведеното, ДКСК на седницата одржана на ден 12.11.2025 година одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**

По заклучок од седница на ДКСК:
Контролирал: К.З. – раководител на сектор